Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20 и 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас број 934/2025 со бр. 10-2087 и член 30 од Статутот на Јавна здравствена установа Универзитетски институт за клиничка биохемија Скопје, в.д. Директор Доц.д-р Мимоза Бафќари-Бакији на ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје, донесе:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна здравствена установа-
Institucioni shëndetësor publik
Универзитетски институт за клиничка биохемија
Instituti universitar për biokimi klinike
Бр.-Nr. 04-26/2
09. 01. 2026 год. viti
Скопје-Shkup

**О Д Л У К А**
**за неизбор на кандидат за вработување на административен службеник**
**по Јавен оглас бр. 934/2025**

1. По објавениот Јавен оглас број - 934/2025 за вработување на административен службеник на неопределено време во ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија-Скопје за работното место ЗДР 01 02 Г01 003, Самостоен референт-главен администратор (амбулантско лекување) шалтерски службеници оператор на терминал (1 извршител), во Одделение за материјално – финансиско работење и јавни набавки, Сектор за материјално-финансиско работење, сметководство и јавни набавки, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**.
2. Одлуката да се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија-Скопје, Агенцијата за администрација на ден 04.08.2025 година објави Јавен оглас бр. 934/2025 на својата интернет страница, како и во девните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха за вработување на 1 (еден) извршители во ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија-Скопје.

По објавениот Јавен оглас со Решение бр. 10-2087/6 од 21.11.2025 година донесено од директорот на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас за да ја спроведе постапката за селекција за вработување на административни службеници.

Од страна на Комисијата за селекција за вработување спроведена е административна селекција за административен службеник на ден 18.12.2025 година за која е составен Записник бр. 10-2087/7 од 18.12.2025 година, на ден 08.01.2026 година спроведен е испит за административен службеник и составен Записник бр.10-2087;10-104/2 од 08.01.2026 година, во кој е евидентирано дека се уредно поканети 2 (два) кандидати, а се појавил еден кандидат со идентификациски код 346C245 НЕ ПОЛОЖИЛ и кандидат со идентификациски код C7699E8 НЕ СЕ ПОЈАВИ НА ИСПИТ.

По завршување на втората фаза Комисијата подготви Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-104/2 од 08.01.2026 година, постапката е прекината поради немање кандидати кои го положиле испитот за да се продолжи во трета фаза.

Врз основа на доставениот Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 934/2025 со арх.бр. 10-2087, според кој за работното место ЗДР 01 02 Г01 003, Самостоен референт-главен администратор (амбулантско лекување) шалтерски службеници оператор, 1 извршител во Одделение за материјално – финансиско работење и јавни набавки, Сектор за материјално-финансиско работење, сметководство и јавни набавки, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР, нема кандидат за вработување, в.д. Директор Доц.д-р Мимоза Бафќари-Бакији на ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил: Елена Чубриноска Ристеска

**в.д. Директор,**
**Доц.д-р Мимоза Бафќари-Бакији**

Доставено до:
- Агенција за администрација;
- Сектор за административни-правни работи и човечки ресурси
- Архива;